РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 01-384/2
17.03. 2023 год
ПЕХЧЕВО

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Пехчево |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Елица Јовевска – Помлад соработник за прибирање и техничка обработка на податоци во ЛЕР – Координатор за еднакви можности за жените и мажите<br><br>Моника Шехтанска – Помлад соработник за нормативни и правни работи – Заменик координатор за еднакви можности за жените и мажите |
| **Период на известување** | 01.01.2022 - 31.12.2022 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 17.03.2023 |

| |
|---|
| **Име и презиме** (**Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**<br>**Александар Китански - Градоначалник на општина Пехчево**<br><br>**Дата, 17.03.2023**<br><br>**Потпис:** |

| |
|---|
| **Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**<br><br>**Име Презиме** (**на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот):**<br><br>**Потпис:** |

| 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ : |
|---|
| **2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**<br><br>**А) Позитивни**<br>**Б) Охрабрувачки**<br>**В) Програмски** |
| **2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**<br><br>**Изработка за Стратегија за родова еднаквос на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026**<br><br>**Изработка на акциски план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026**<br><br>**Програма за еднакви можности меѓу мажите и жените за Општина Пехчево за 2023 година** |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br><br>Општина Пехчево има реализирано два проекти согласно Оперативниот план за активните програми и мрки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Влада на РСМ за лица во социјален ризик:<br>✓ Во првиот повик беа ангажирани купно 10 лица во социјален ризик;<br>✓ Во вториот повик беа ангажирани вкупно 20 лица со социјален ризик;<br><br>Одбележување недела на имунизација кај новородени деца од април 2022 до април 2023 година кај семејства со социјален ризик.<br><br>Парична помош за сите ученици запишани во прво одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево;<br><br>Парична помош за секое новородено дете во Општина Пехчево;<br><br>Парична помош за секое првородено дете во Општина Пехчево; |
| **2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1]) |

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми

- ✓ Во првиот повик согласно Оперативниот план за активните програми и мрки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Влада на РСМ беа ангажирани купно 10 лица со социјален ризик од кои 2 мажи и 8 жени;
- ✓ Во вториот повик согласно Оперативниот план за активните програми и мрки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Влада на РСМ беа ангажирани купно 20 лица со социјален ризик од кои 6 мажи и 14 жени;

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

Изработка за Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026

Изработка на акциски план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево

Програма за еднакви можности меѓу мажите и жените за Општина Пехчево за 2023 година

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**

Со креирањето на буџетот на Општина Пехчево во истиот се предвидени средства во вредност од 20.000 денари за 2023 година, а за проектите реализирани согласно Оперативниот план за активните програми и мрки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година усвоен од Влада на РСМ за семејства со социјален ризик, Општина Пехчево финансиски има учествувано со 79.200 денари.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

- Одржување на јавна чистота на градот Пехчево и селската населба Црник

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

- ✓ Утврдување на бројноста на постоечки корисници ( мажи и жени ) на социјални услуги во Општина Пехчево;
- ✓ Идентификување на ранливи категории на граѓани и потенцијални корисници на социјални услуги кои не се опфатени со постоечки програми;
- ✓ Број на регистиррани невработени лица и други лица кои бараат работа од територијата на Општина Пехчево.
- ✓ Прибирање на родово разделени податоци во општинските и јавните институции на Општина Пехчево

---

мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот:**<br><br>✓ Доделена парична помош на сите учесници запишани во прво одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево;<br>✓ Парична помош за секое новородено дете во Општина Пехчево;<br>✓ Парична помош за секое првородено дете во Општина Пехчево; |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**<br><br>Општина Пехчево во рамки на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и маќите има соработувано со НВО Организација на жните – Пехчево и НВО КХАМ – Делчево. |
| **2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**<br><br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br><br>Општинската администрација во Општина Пехчево брои 19 вработени и градоначалникот како избрано лице. Од општинската администрација 4 се жени 6 мажи. Од помошно технички персонал 1 жена и 1 маж. Од 19 вработени 7 се преку Агенција за привремени вработени и од нив 4 се жени и 3 се мажи.<br><br>Советот на Општина Пехчево брои 11 советници и од нив 6 жени и 5 мажи.<br><br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**<br><br>**/** |

| | |
|---|---|
| **2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**<br><br>Општина Пехчево има изготвено Локален акциски план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 | |
| **2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br><br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br><br>Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 е за период од 2023 -2026 и по него сеуште не се превземени конкретни активности<br><br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br><br>Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 е за период од 2023 -2026 и по него сеуште не се превземени конкретни активности за да се видат конкретно постигнати резултати<br><br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br><br>Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 е за период од 2023 -2026 и по него сеуште не се превземени конкретни активности за да се видат конкретно постигнати резултати и истите да бидат мерливи<br><br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината за колку од донации?**<br><br>Во буџетот на Општина Пехчево се издвиени 20.000 денари за спроведување на активности во областа на еднакви можности помеѓу жените и мажите | |
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br><br>Надлежностите и задачите на координаторот не се конкретно утврдени во актот за систематизација на работните места во Општина Пехчево | |
| **2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) слушател/слушателка / во текот на 2020 година немам посетувано никаква обука за родова еднаквост**<br>**б) обучувач/обучувачка /**<br><br>Координаторот за еднакви можности нема учествувано на обуки за родова еднаквост, но има учествувано со членовите на Комисијата за еднакви можности во изработката на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026 и изработката на Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026. | |

| |
|---|
| **2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br>/ |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026 и на Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026 се јавно достапни на веб страната на Општина Пехчево и со сите активности и мерки кои се предвидени во нив се запознаени вработените во општината, а исто така изготвена е и Програма за еднакви можности за жените и мажите за 2023 година. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>Координаторот за еднакви можности има доставено Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Пехчево со конкретни активности и мерки и истата е усвоена од Советот на општина Пехчево. |
| **2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Пехчево за 2023 година беше прифатена од страна на Општина Пехчево и истата усвоена од Советот на Општина Пехчево. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**<br>/ |
| **3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**<br>Добра пракса како координатор за еднакви можности е тоа што имам прекрасна соработка со НВО КХАМ од Делчево во делот на спроведување на активности за родова еднаквост и изготвување на конкретни документи, а исто така и со НВО Организација на жените – Пехчево во делот на спроведување на активности за родова еднаквост, семејно насилство и насилство врз жените.<br><br>Лоша пракса е тоа што дел нод општинската администрација и другите јавни и општински |

институции сеуште не ги гледаат работите, активностите и проектите преку призмата на родовата еднаквост.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Треба да постои соработка и координација со вработените во училиштето и вработените во детската градинка и во таа насока да може да се размислува за реализација на проекти о родов аспект во кои тие би биле вклучени.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Општина Пехчево во 2023 година ќе ги спроведе активностите предвидени во Програмата за еднакви можности за жените и мажите за 2023 година:

- ✓ Прибирање на родово – разделени податоци во општинските и јавните институции на вработени;
- ✓ Поддршка на КЕМ во изработка на нацрт – деловник и правилник за работа;
- ✓ Едукација во основното училиште за важноста на превенција на машкото и женското здравје;
- ✓ Чистење и уредување на улица „Даме Груев“, косење на тротоарите, по кои се движат најчесто ученици и родители до ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, ОСУ „Ацо Русковски“ – дисперзирани паралелки Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево;

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата е формирана со одлука на совет бр. 08-1351/1 од 23.12.2021

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол:** 5 жени;

**б) Образование:** 5 члена со високо образование;

**в) Етничка припадност:** 5 македонци;

**г) Припадност на политичка партија:** 3 членови СДСМ, 2 членови ВМРО ДПМНЕ;

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**5.3.**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа:** ДА;

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа:** ДА

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа:** ДА

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности**

**Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Комисијата за еднакви можности активно учествуваше во изработка на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026 и изработката на Акцискиот план за имплементација на регионаланта стратегија за родова еднаквост за општина Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026, како и во подготовка на Годишната програма за еднакви можности меѓу мажите́ и жените на Општина Пехчево за 2023 година

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

ДА

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

/

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ-МТСП во насока на подобрување на:**
**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- Одржување на обуки за координаторите во локалната самоуправа и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (особено за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на почетокот на мандатот, каде ќе им биде презентиран и дискутиран Законот за еднакви можности на жените и мажите, нивните обврски, задачи и должности, бидејќи ретко кој од членовите е запознаен или имал некакво работно искуство од областа на родовата еднаквост);

-Одржување на обуки од страна на надлежното Министерство за труд и социјална политика, во делот на зголемување на знаењата за примена на посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите;

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово, Пехчево 2023-2026 ќе се спроведува во периодот од 2023-2026 година.

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански